Народниот правобранител како Национален превентивен механизам (НПМ) на **28.11.2013** година спроведе последователна посета на ЈУ Специјален Завод Демир Капија.

Целта на последователната посета е следење над спроведувањето на препораките од посебниот извештај на НПМ од 2012 година и идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Посетата на Специјалниот Завод "Демир Капија" се спроведе во неколку чекори. Тимот на НПМ спроведе разговор со директорот на заводот, а потоа спроведе увид во сместувачките капацитети, заедничките простории, санитарните јазли, тушевите и друго. Воедно Националниот превентивен механизам спроведе увид и во соодветната документација, како и во индивидуалните планови на корисниците сместени во заводот.

НПМ спроведе таргетирана посета која се фокусираше на неколку негативни констатации од посебниот извештај од 2012 година и проверка над спроведувањето на дадените препораки за подобрување на состојбите и елиминирање на недостатоците и ризиците кои би можеле да доведат до тортура или друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

НПМ при последователната посета утврди дека препораките на Народниот правобранител -Национален превентивен механизам упатени по посетата остварена во месец декември 2012 до Специјалниот завод и МТСП беа делумно спроведени. Само неколку од препораките беа целосно имплементирани, а дел не беа имплементирани.
Во ЈУ Специјален Завод Демир Капија при последователната посета беше утврдено дека реновирањето на блок А е во крајна фаза, и истиот во наскоро време треба да биде ставен во употреба.
Беше забележано дека и понатаму капењето на корисниците се спроведува од негователи од различен пол, па во оваа насока останува забелешката дека истото може да претставува понижувачко постапување. Воедно НПМ забележа дека поголем дел од корисниците не беа соодветно облечени.

Во однос на дадената препорака да се обезбеди континуирано и доволно количество и разновидност на храната и оброците, НПМ констатираше дека Заводот располага со доволен број намирници потребни за корисниците.Бидејки во Заводот има лица кои тешко може да конзумираат храна беше забележливо дека има доволно млеко и млечни производи, како и останати намирници со богата енергетска вредност. Во

кујната беше забележано дека храната уредно се чува, се внимава на хигиената,а вработените одат на прегледи секои шест месеци што редовно се забележува во санитетските книшки.

НПМ констатираше дека во Заводот сеуште нема постојано вработен лекар и тоа претставува голема потешкотија во работата на Заводот. Како проблем во Заводот е што сеуште корисниците имаат матичен лекар според местата од кои доаѓаат, а не според местото на институцијата во која се наоѓаат. Во оваа насока НПМ смета дека од страна на Заводот, но и од страна на Министерството треба да се побара промена на матичниот лекар, со цел обезбедување на навремена и континуирана здравствена заштита. Состојбата со интернист и гинеколог е иста, така што корисниците по потреба се носат на преглед во Неготино.Лекарот доаѓа по потреба, а дополнително е ангажиран и невропсихијатар од Негорци.

Во врска со препораката при давање на контрацептивни средства секогаш да се бара и добива одобрување од старателот или корисникот (доколку е деловно способен) беше утврдено дека од страна на установата испратен е допис до сите центри за социјална работа за обезбедување на согласност за користењето на контрацептивна терапија. Во таа насока, во најголем дел старателите имаат дадена согласност, а лицата кои не се со одземена деловната способност беа запознаени за целтта на примањето на контрацептивна терапија. Од вработените во новиот објект беше посочено дека контрацепцијата се дава на секои три месеци, а корисниците знаат за која намена ја примаат терапијата.

Во делот на процесот на деинституционализација, истата не се спроведува адекватно, па дел од стручниот тим се произнесе дека има одредени пропусти, односно дека мислењето на персоналот од Заводот за тоа дали некој корисник е спремен за живеење во групен дом, не се зема во предвид.  Исто така, не постои подготовка за самиот процес при што кај некои корисници има револт и одбивање да го напуштат Заводот.

Како резултат на реализираната последователна посета Националниот превентивен механизам подготви извештај во кој ги констатираше состојбите и даде соодветни препораки упатени до Министерството за труд и социјална политика и до ЈУ Специјален завод Демир Капија со цел да се елиминираат недостатоците и ризиците.